ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 6 Февруари - Март 2019

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Јапонската амбасада додели грант за набавка на ново возило за смет на ЈП Комуналец-Крива Паланка



ЈП Комуналец од Крива Паланка е потписник на договор за грант за проект кој беше аплициран преку јапонската ГГП-програма за мали грантови за 2019 година.

На церемонијата на потпишувањето на договорите, присуствуваше јапонската амбасадорка Кеико Ханеда и девет претставници од институциите добитници на грантовите, меѓу кои и директорот на ЈП Комуналец, Миле Марковски. Време на реализација на овој проект е четири месеци, во кој период треба да се спроведе процедурата за набавка и транспорт на возилото за смет.

Вкупно девет проекти од шест региони се добитници на грантови со вкупна вредност од околу 440 илјади евра, а вкупната вредност на грантот за општина Крива Паланка е во висина од 61 илјада евра, со кој е предвидено набавка на ново возило за смет од марката Митсубиши.

## Градоначалникот Мицевски ги интензивира активностите за гасификација на општина Крива Паланка



Гардоначалникот Борјанчо Мицевски оствари работна средба со претставник на украинската амбасада, г.Валериј Михаљски, на која се разговараше за процесот на гасификација на општина Крива Паланка.

Мицевски заедно со стручните лица од општинската администрација и г.Михаљски разговараа за можностите за партнерство и инвестиции во процесот на гасификација на општината.

На средбата беше потенцирано дека општина Крива Паланка е една од првите општини во државата, која во процесот на гасификација може да влезе со спремна технична документација и со веќе поставена мерна станица, а во тек е и доработката на инфраструктурниот проект за гасификација.

## Францускиот амбасадор Тимоние во посета на Општина Крива Паланка

По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на Франкофонијата, градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски приреди прием за амбасадорот на Република Франција, Кристијан Тимоние.



Амбасадорот во своето обраќање истакна дека, изучувањето на францускиот јазик во општинските училишта треба да продолжи да се зголемува, бидејќи во блиска иднина не очекува спроведување и реализација на заеднички европски проекти.

Во рамки на овој настан, амбасадорот Тимоние сподели позитивни новости во насока на најавената помош и поддршка на Република Франција, која ќе се реализира преку Француската агенција за развој.

- Ова пријателство ќе има уште многу перспективи и ние зеднички ќе продолжиме да го градиме низ најразлични формални и неформални активности, а нашите млади франкофони ќе бидат нишка во тие мостови на спојување и размена на културно богатство, истакна градоначалникот Мицевски на средбата со амбасадорот Тимоние.



На 26 март 2019 година, во Центарот за култура во Крива Паланка, се оддржа седмата франкофонска вечер под мотото „Учете француски и патувајте лесно", во организација на директорите, професорите и учениците од ООУ „Јоаким Крчовски, ООУ „Илинден" и СОУ „Ѓорче Петров" .

## ЈП „Комуналец” од Крива Паланка набави две возила за смет




Возниот парк на јавното претпријатие „Комуналец“ од Крива Паланка е надополнет со две современи возила за собирање смет, едното ново, другото половно. Возилата се набавени со сопствени средства од буџетот на претпријатието, со средства во висина од околу 80 илјади евра.



-Со набавката на овие возила, значително ќе се подигне квалитетот во извршувањето на работните обврски, собирањето на сметот и комуналната хигиена во градот и населените места, ќе се подобри техничаката опременост и модернизација на возниот парк и опремата и ќе се придонесе за поефикасно работење на претпријатието, изјави директорот на претпријатието Миле Марковски.

Половното возило е марка Нисан, со капацитет од 4,5 метри кубни, додека новото е произведено во Турција, со капацитет за смет 8 метри кубни, со Еуро дизел 6 стандард, најсовремено возило кое се користи во Европа, со сензори и безбедносна камера за евентуални проблеми.



## Во Крива Паланка се реализира проектот „Проектирање и изведба на фотоволтаични системи во рурални општини“, финансиран со средства од ЕУ

Со средствата од Европската унија во општина Крива Паланка, финансирано е поставување на фотоволтаични системи на СОУ „Ѓорче Петров“, ООУ „Илинден“ и ООУ „Јоаким Крчовски“ во рамки на проектот „Проектирање и изведба на фотоволтаични системи во рурални општини“.

Преку реализацијата на овој проект, ќе бидат поставени фотоволтаични системи во 36 општини на вкупно 108 објекта со што ќе се допринесе за заштеда на електрична енергија во јавните објекти преку користење на алтернативни извори за производство на енергија и заштита на животната средина.

## ЈП „Комуналец“ изврши набавка на дваесет нови контејнери




ЈП „Комуналец “ во соработка со Општината, продолжува да работи во делот на снабденост со контејнери и специјални садови-корпи за собирање на смет. Набавени се дваесет нови метални контејнери со зафатнина од 1.1 кубен метар, кои што ќе бидат надополнување на веќе набавените конејнери од претходната година .




## Поставени садови за собирање на стаклен отпад

Како дел од одговорното постапување со отпадот, ЈП „Комуналец“ во соработка со ДОО „Пакомак“- Скопје постави пет специјализирани зелени контејнери т.н „зелени стаклени ѕвона“ за одлагање на отпад од стакло. Граѓаните ќе можат да го издвојуват стаклото од другиот отпад и да го депонираат во овие контејнери кои се со капацитет од 1,5 м3 и се исклучиво за стакло.

Контејнерите се поставени долж главната улица „Св.Јоаким Осоговски“, на следниве локации: на влез на сточен пазар, позади противпожарната служба, позади маркетот во центарот на градот, на влез во зелен пазар и пред колективната станбена зграда во населба Грамаѓе.

# Потпишан Колективен договор помеѓу УПОЗ и Општина Крива Паланка



На 6 февруари 2019г. во просториите на Општина Крива Паланка се потпиша Колективен договор меѓу Синдикатот на УПОЗ и Општина Крива Паланка.

Колективниот договор за административните службеници и други вработени во Општина Крива Паланка, го потпишаа претседателот на Синдикатот на УПОЗ Пецо Грујовски, претседателот на синдикалната организација при Општина Крива Паланка, Зоран Павловски и градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски како работодавач.

Ние сме четврта општина  во Р.Македонија која успеа да потпише ваков договор, кој е резултат на досегашните заеднички активности и залагања помеѓу договорните страни, а се во насока на изнаоѓање на заедничко прифатливо решение,  регулирање и унапредување на законските права на вработените во Општина Крива Паланка, истакна градоначалникот Мицевски.



# Градоначалникот Мицевски учествуваше на Инвестициски форум за енергетска ефикасност




Во периодот  од 19 до 20 февруари градоначалникот Мицевски учествуваше на Инвестициски форум на градоначалници во Брисел.

Форумот ги вклучува локалните и регионални власти кои доброволно се залагаат за зголемување на енергетската ефикасност и употребата на обновливи извори на енергија, со што директно се дава поддршка за намалување на емисијата на $CO_2$ и заштита на животната средина.

# Промовирани новите униформи и нова опрема на Противпожарната единица во Крива Паланка



Новата опрема и новите униформи се обезбедени од страна на општина Крива Паланка, а согласно новиот правилник за работа на ТППЕ. Вкупната вредност на опремата е 350.000 денари и претставува прва ваква набавка на опрема од превземањето на единицата од МВР.

На смотрата на ТППЕ Крива Паланка, присувствуваше градоначалникот Борјанчо Мицевски со претставници на локалната самоуправа.

Градоначалникот Мицевски во оваа пригода се осврна на успесите на Тероторијалната противпожарна единица и нагласи дека  Општината континуирано и максимално посветено ќе соработува со  единицата.

-Се надевам дека неодамнешното кадровско  зајакнување на ТППЕ Крива Паланка, отпочнувањето на нивна стручна обука во тековниот месец, како и набавката на новите униформи и опрема, ќе го зголеми нивото на професионалност и ефикасност на припадниците на единицата, нивната мобилност и брза интевенција во случаи на загрозеност и заштита на граѓаните и нивните имоти од пожари, експлозии и други несакани елементарни непогоди, изјави градоначалникот Мицевски.

# Меѓународна конференција за унапредување на соработката меѓу граѓаните од Дупница и Крива Паланка

Четиридневна меѓународна конференција за унапредување на соработката меѓу граѓаните од Дупница и Крива Паланка  се одржа во рамки на проектот „Споделени вредности – споделена Европа", финансиран од програмата Европа за граѓаните на ЕУ. Проектот  се имплементираше во партнерство помеѓу општина Дупница, општина Крива Паланка и Центар за одржлив развој ЕГРИ од Крива Паланка.



Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски и градоначалникот на општина Дупница, Методи Чимев потпишаа Меморандум за развој и унапредување на спортот .

## Голема еколошка акција „Општина без смет за поубав свет“

Општина Крива Паланка започна голема еколошка акција насловена како **„Општина без смет за поубав свет“.** Акцијата започна на 24 март и според утврдениот план и програма ќе се спроведува секој викенд до 26 мај.



Во акцијата учествуваа граѓани од најразлична возраст, претставници од невладиниот сектор, од граѓанското здружение „Акцијаши“ од Куманово, волонтери од општинскиот Црвен Крст и извидничкиот одред Н.Н. Борче, претставници на општинската администрација и локалните институции, наставници, професори и ученици, како и планинарите и пензионерите од градот.



Акцијата ја организираат и координираат стручните служби од Општината во соработка со ЈП „Комуналец “.



Ги повикуваме граѓаните и здруженијата активно да се вклучат во акцијата за чиста Крива Паланка и да ги информираат надлежните служби за **секое недозволено одлагање на смет.**

## Десеттото издание на манифестацијата „Невестинско поклонение 2019“



Традиционално по десетти пат се одржа културната манифестација „Невистинско поклонение на Свети Теодор Тирон“ во кривопаланечкото село Конопница.

Настанот е во организација на РЗР ПАТНИК, а се оддржува под покровителство на Општина Крива Паланка со поддршка на месната заедница на село Конопница, НУ Центар за култура и ЛУ Градски музеј, заедно со Македонска православна црква-Кумановско-осоговска епархија.



## Изготвена Нацрт Стратегијата за млади на општина Крива Паланка 2019-2024

Здружението Центар за младински иницијативи Цик-Цак од Крива Паланка оддржа завршен настан од проектот „Промоција на младинскиот активизам преку креирање на институциска платформа за младински потреби“.

Како краен продукт од овој проект, произлезе драфт верзијата на стратешки документ за младинските потреби и прашања – **Нацрт Стартегија за млади на општина Крива Паланка 2019-2024.**

